**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДА

Почитувани,

Министерството за финансии, со адреса на ул.”Даме Груев”, бр.14 – Скопје, има потреба од набавка на услуга – ангажирање на ревидентска куќа за ревизија на проектната документација за доизградба, реконструкција и адаптација на објектот на Министерството за финансии “БНТ”.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за доделување на договор за јавна набавка на услуга, во согласност со член 100 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07 и 130/08), за што објави оглас бр.05-1/2010.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до 15.07.2010 година на горната адреса или директно во писарницата на Министерството за финансии.

Во прилог на оваа покана е тендерската документација која ги содржи сите информации кои ќе помогнат за изработка на понудата. Тендерската документација се состои од следните делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, модел на договор и образец на понуда.

Тендерската документација е објавена и може да се преземе од следнава веб адреса: https://www.e-nabavki.gov.mk.

Лица за контакт во врска со предметот на набавката: Георги Стојков, телефон за контакт: 3222-913, електронска адреса: gjorgi.stojkov@finance.gov.mk, или Наташа Радеска Крстевска, телефон за контакт: 3228-855, електронска адреса: natasa.radeska@finance.gov.mk.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на 15.07.2010 година, во 12 часот, во просториите на Министерството за финансии на ул.„Даме Груев“,бр.14, во зградата на Д.Т.Ц. “Интекс”, 2-ри кат, сала за состаноци – Скопје.

Однапред благодариме на соработката.

Во Скопје,
30.06.2010 година

**КОМИСИЈА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**